ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

## Соопштение за јавноста

**Септември, 2008**

**Македонија 85-та според економска слобода**

.Македонија според економската слобода е рангирана на 85-то место од 141 земја во извештајот Economic Freedom of the World на канадскиот Fraser Institute. Вкупната оценка на Македонија е 6,41 на скалата од еден до десет и се однесува на податоците за економска слобода од 2006 година.




Македонија во извештајот Economic Freedom of the World, објавен минатата недела, е на исто место како и претходната година, додека во 2004 година била на 97-мо место. Индексот на економската слобода го мери нивото на кое политиката и институциите на една земја ја поддржуваат економската слобода. Во пресметувањето на индексот се користат дури 42 фактори во пет области и тоа – големина на Владата, законски структури и имотно право, пристап до пари, слобода на тргување и законска регулатива за кредити, работна сила и претприемништво.

Најслободна економија во светот, според Фрејжер институтот, има Хонг Конг, а зад него се Сингапур, Нов Зеланд, Швајцарија, Велика Британија, Чиле, Канада, Австралија, САД и Ирска.

Германија е на 17-то место, Јапонија на 27-мо, Франција на 45-то, Кина на 93-то, а Русија на 101- во место. Најлоши оценки имаат Зимбабве, Ангола и Мјанмар. Од земјите во регионот послободни економии од Македонија имаат Грција (54), Црна Гора (58), Албанија (65), Бугарија (68) и Романија (74), а полошо се рангирани Словенија (88), Хрватска (90), Турција (90), Србија (98) и БиХ (105).

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk